Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски
на свеченоста по повод испраќањето на Командата на SEEBRIG
15 јули 2026 година, Касарна „Боро Менков“ – Куманово

Почитуван началник на Генералштабот,
Почитуван командант на Бригадата на Југоисточна Европа,
Почитувани претставници на земјите учеснички,
Почитувани генерали и офицери,
Почитувани претставници на локалната самоуправа,
Почитувани гости,
Дами и господа,

На самиот старт од моето обраќање овде пред сите вас, би сакал да истакнам дека денеска завршува едно успешно поглавје за Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG), во кое нашата држава беше домаќин на Командата на оваа Бригада.

Шест години достигнувања, зајакната доверба и партнерството и стекнати нови трајни пријателства. Тоа е SEEBRIG! Еден од најуспешните примери за регионална одбранбена соработка, изградена врз вредностите кои сите ние ги споделуваме – меѓусебна доверба, партнерство, солидарност и заедничка одговорност за мирот, стабилноста и безбедноста на Југоисточна Европа.

SEEBRIG од своето основање покажа дека државите можат успешно да градат меѓусебна доверба и да работат заедно. SEEBRIG е потврда дека оваа соработка не е само политичка определба, туку практичен и ефикасен инструмент за зајакнување на колективната безбедност.

Денеска кога се соочуваме со сè посложени, понепредвидливи и меѓусебно поврзани безбедносни предизвици и закани кои не познаваат национални граници, ваквата соработка е поважна од кога било. Тоа бара координација, подготвеност и заеднички пристап. Во тој контекст, SEEBRIG останува важна платформа за дијалог, меѓусебно разбирање и практична соработка меѓу земјите од Југоисточна Европа.

Во 2016 година, нашата држава ја доби честа и одговорноста да биде домаќин на Командата на SEEBRIG.
Присуството на Командата во Куманово во изминатите шест години претставуваше многу повеќе од организациска или логистичка обврска. Покрај нашата јасна и цврста определба за регионална соработка, колективна безбедност и почитување на принципите врз кои е основана SEEBRIG, присуството на Командата овде во Куманово овозможи дополнително зајакнување на односите со земјите учеснички.

Во текот на овој изминат период уште еднаш покажавме дека сме кредибилен, сигурен и активен партнер, подготвен да преземе одговорност и конкретно да придонесе за регионалниот и меѓународниот мир и безбедност.

Успешното функционирање на Командата на SEEBRIG во Куманово беше овозможено благодарение на посветеноста, професионалноста и блиската соработка на персоналот од сите земји учеснички. Секој припадник на Командата даде свој придонес во исполнувањето на нејзината мисија. Како дел од Командата на SEEBRIG, работевте заедно и изградивте односи засновани врз почит, доверба и заедничка цел. Токму тие односи претставуваат едно од највредните наследства од присуството на SEEBRIG во нашата држава.

Во оваа прилика сакам да го истакнам и значајниот придонес на граѓаните на Куманово и локалната самоуправа, кои беа одлични домаќини и им даваа поддршка на припадниците на Командата на SEEBRIG во текот на целиот нивен престој. Куманово стана значаен дел од историјата на Бригадата и место кое ќе го паметат многу припадници на Командата и нивните семејства.

Дами и господа,
Иако денес се простуваме од Командата на SEEBRIG во Куманово, нашата соработка продолжува од нејзината нова локација во Истанбул, Република Турција. Нашиот придонес кон активностите на Бригадата продолжува, затоа што овој регионален проект е од огромно значење за сите нас, за зајакнување на соработката и пред сѐ за стабилноста и безбедноста во Југоисточна Европа.

На крајот, им се заблагодарувам на сите припадници на Командата на SEEBRIG и сите команданти кои служеа овде во Куманово, заклучно со бригадниот генерал Билбил Битри, за нивната посветеност и придонес. Додека ја напуштате нашата држава и ги продолжувате вашите професионални обврски, ви посакувам со себе да понесете убави спомени од времето поминато овде, од луѓето со кои работевте и од пријателствата што ги создадовте.

Ви посакувам многу успех во понатамошното исполнување на мисијата на SEEBRIG.

Ви благодарам!